Бр. 12-5758/2
06-03-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19) постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на 24.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 28-та седницата одржана на 29.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од непознат подносител, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5758/1 од 24.12.2019 година, во која се укажува на сомневања за незаконска купопродажба на имот во с. ___________ помеѓу две физички лица, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување по предметот.

Предметот со број 12-5758/1 од 24.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5758/1 од 24.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконска купопродажба на имот во с. _____________ помеѓу две физички лица, односно дека лицето __________________ купил имот во с. ________ од лицето ____________________, иако продавачот сè уште го немал наследено имотот кој е предмет на купопродажба од неговиот починат татко _______ ___________. Исто така, во пријавата е наведено дека со ваквото постапување се избегнува плаќање на данок и се оштетува државата и се бара од Државната комисија да преземе итни и ригорозни мерки против сторителите.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај пријавата не содржи доволно информации за започнување на постапка, а од друга страна поради фактот што подносителот не е познат не може да се контактира и да се обезбедат дополнителни податоци и информации. Следствено на ова, Државната комисија оцени дека нема елементи за надлежно постапување по пријавата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19) одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk